АТАНАСОВСКА ЦВЕТКОВИЌ Анета[1]
ЈОВАНОВИЌ Александра[2]

УДК: 343.84:34(354)"-17"
343.84:34(497.11)"13"

# ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИСИНАТА КАЗНИТЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО ВАВИЛОНСКИОТ ХАМУРАБИЕВ И СРПСКИОТ ДУШАНОВ ЗАКОНИК

**Апстракт**

Сторувањето на кривичните дела, со умисла или од небрежност, се чини, присутни се од првите чекори на човекот кон цивилизацијата и формирањето на историски првите држави. Денес, кривичното дело претставува противправно дело определено како кривично, чии обележја се законски определени. Санкциите, од своја страна, претставуваат своевидна реперкусија, реакција на општеството по повод стореното злодело. Висината и начинот на казнување во голема мера зависи од степенот на демократската развиеност на една држава, а одмерувањето почнува од времето на првобитната заедница. Трудот се занимава со две историски различни раздобја, споредувајќи и анализирајќи ги системите на казнување во два класични правни кодекси: Хамурабиев законик (Старовавилонско право, XVIII век пр. н.е.) и Душанов законик (Српско средновековно право, XIV век). Целта на трудот е прикажување на критериумите за одредување на висината на казните (имотен, општествен статус, намера) намерата и нивната висина во овие два системи.

***Клучни зборови***: *кривично дело, Хамурабиев законик, Душанов законик, право, историја.*

ATANASOVSKA CVETKOVIC Aneta[3]
JOVANOVIC Aleksandra[4]

# MEASURING PUNISHMENT SEVERITY IN COMPLIANCE WITH THE BABYLONIAN HAMMURABI’S AND THE SERBIAN DUŠAN’S CODES

**Abstract**: The commission of criminal acts, whether intentional or negligent, seems to have been present since man's first steps towards civilization and the formation of the first states. Today, a crime is an unlawful act defined as criminal, with its characteristics legally determined. Sanctions, on the other hand, represent a kind of repercussion, a reaction of society to the committed crime. The amount and manner of punishment largely depend on the degree of democratic development of a state, and the measurement begins from the time of the primitive community. The paper deals with two historically different fragments, comparing and analyzing the systems of punishment in two classical legal codes: Hammurabi's Code (Old Babylonian law, 18th century BC) and Dušan's Code (Serbian medieval law, 14th century). The paper’s goal is to present the criteria for determining the punishment severity (property, social status, intent), the intent and their measurements in these two systems.

***Key words***: *criminal act, Hammurabi’s Code, Dushan’s Code, law, history*

## 1. Вовед

Денешниот казнен систем и системот на одмерување на казните не е производ на современата правна регулатива, ами резултат на нивните еволутивни текови. Секоја казнена

[1] Доцент, Висока школа за пословну економију и предузетништво, Белград, Република Србија, e-mail: a.atanasovska@yahoo.com

[2] Вонреден професор, Висока школа за пословну економију и предузетништво, Белград, Република Србија, e-mail: aleksandra.aj17@gmail.com

[3] Assistant professor, Faculty of Business Economics and Entrepreneurship, Belgrade, Republic of Serbia, e-mail: a.atanasovska@yahoo.com

[4] Associate professor, Faculty of Business Economics and Entrepreneurship, Belgrade, Republic of Serbia, e-mail: aleksandra.aj17@gmail.com

правна норма проаѓа долг пат, секое кривично дело исто така, а одмерувањето на висината на казнувањето, се чини, отсекогаш се темелело на критериумите за нивна оправданост. Овие критериуми зависат и од општествената свест, правното ratio на историскиот период и сфаќањето за сторувањето на кривичното дело и неговата санкција. Ако кон размислувањата ја додадеме и латинската *nullum crimen sine lege* (нема кривично дело без закон), тогаш законодавецот, без разлика дали има историски или современ предзнак, мора да ја одредува висината на казните за сите кривични постапувања одредени со закон. Денес, одмерувањето висината на казните лежи во рацете на судиите, имајќи ја предвид целта на казнувањето (Stojanović, 2024) и правилно утврдената фактичка состојба во однос на проценката на изнесените докази и фактите што го чинат обележјето на кривичното дело, но и проценката на олеснителните околности кои одат во прилог на осомничениот во кривичната постапка.

Од она најстаро доба, обичајните правила се сметале за своевиден систем на однесување па првите организирани сакнции се јавуваат како резултат на нивното кршење. Генезата, почнувајќи од првобитните санкции би изгледала: табу, како прва општествена забрана за некое човеково однесување, организирани санкции – кривецот е казнуван со сакатење, прогон, убиство, потсмев; крвна освета – освета од страна на племето или родот на убиениот. Санкцијата, исто така има свој еволутивен развој – талионското правило (*lex talionis*) „око за око, заб за заб“ – враќање со иста мера (најзначајно за Хамурабиевиот законик), композиција (откуп, ја заменува крвната освета како санкција) – материјален надомест која ја плаќал сторителот на злоделото на лицето кому му е нанесено истото (Јовановић, Атанасовска Цветковић, 2022).

Воведната дискусија можеме да ја прошириме и на взаемното влијание на правните системи што го чини и основното прашање во правната историја. Освојувачките војни, човечките војни пленови, материјалниот воен плен, но и правните системи (макар тоа било и системот на обичајното право) кои освојувачите ги затекнувале на поробените земји, освен што промовирале создавањето на нови држави, го промовирале и специфичниот однос помеѓу поробувачот и заробеникот. Подредената положба, која произлегува од овој однос, претставува нова општествена положба: секој домородец на освоената територија станува заробеник, а животот на заробеникот во голема мера зависи од волјата на поробувачот (Jovanović, Atanasovska Cvetković, 2022). На долг рок, оваа поставеност, независно од тоа дали станува збор за поробување или соседски државички, значи и развој на правото (или подобро речено – дополнување), културата, уметноста, техниката, па затоа младите и силни народи, отсекогаш, попримале од постарите културни творби (Соловјев, 2021, 244).[5] Кон ова можеме да додадеме и дека „правилата на однесување кај варварските племиња, дури и во феудалното општество, вообичаено се втемелени со постепена консолидација на сфаќањата и обичаите, а не со помош на општи и директни општи наредби“ (Vinogradoff, 1925). Така, развојот на сфаќањето за кривицата и санкцијата, дури и од религиски аспект, се чини, стара е колку и човекот, а оправданоста, висината и целта на казнувањето е расправа и на денешницата.

Првите законски нормативи познати на цивилизацијата тесно се поврзани со појавата на првите држави и првите писма кои се создаваат како одговор на конкретен степен на развој на човештвото.

Правните системи на древните цивилизации и средновековните држави се сметаат за основ на современата јуриспруденција. За двата најзначајни правни споменици во историјата ги сметаме Хамурабиевиот законик (XVIII век пр. н.е.) и Душанов законик (XIV век). Двата законски текстови ги регулираат казнените мерки, но на различен начин. Додека Хамурабиевиот законик инсистира на строга пропорционалност и принципот „око за око“ (талионски принцип), Душановиот законик, под влијание на византиското право и христијанството, казните се засновани на поголема флексибилност и паричен начин на казнување насочени поданиците на царството кои се огрешиле на законот. Не смееме да сфатиме дека Душановиот законик во однос на строгоста и системот на казнување се вбројува во оние либерални правни акти. Напротив, строгоста лежи во неговите темели.

[5] На пример, римското право влијаело на подоцнежните европски народи и нивните правни системи и кодификации на новиот век.

Во основата на овој труд лежат истражувањата на начелото на пропорционалност, социјалната нееднаквост и улогата на осветата во одмерувањето на висината на казните. Прашањето на кое ќе се обидеме да дадеме одговор е: Каков бил критериумот за одмерување на висините на казните изречени по повод сторените кривични дела во два историски различни периода?

## 2. ХАМУРАБИЕВИОТ ЗАКОНИК И КРИТЕРИУМОТ ЗА ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КАЗНИТЕ ВО ВАВИЛОНСКОТО ЦАРСТВО

Пред да го разработиме критериумот за одмерување на казните во Вавилонското царство во согласност со Хамурабиевиот законик, да го потврдиме горе наведениот став – взаемното влијание на правните системи. Имено, во позадината на законикот (или кодексот, како се сретнува во литературата) стои збир од сумерски закони од едноставна причина што Хамураби, прв владетел од Аморитската династија, најпознатиот и најзначајниот владетел на Меѓуречјето „ги собрал расфрланите Сумери и Акади во неговото триесет и трето име) и Исин[6] (во неговиот Законски кодекс)“ (Richardson, 2003). Уште една потврда за влијанието: Хамурабиевиот законик има трипартиден состав (вовед, законски текст и епилог) токму како и неговите претходници, Ур-Намуовиот законик (донесен од страна на сумерски владетел, напишан на сумерски јазик) и Липит-Иштаровиот законик (донесен од страна на владетелот на градот – држава Ешнуна, напишан на акадски јазик).

Она што треба да се наведе за Хамурабиевиот законик, е дека денес се наоѓа во музејот Лувр, во Париз, а пронајден е во иранскиот град Суза, далечната 1902. Напишан е на диоридна стела, што го чини да е нешто помеѓу пишан текст и вајарско уметничко дело, па дури постојат и мислења дека претставува карактеристична вавилонска уметност од тоа време. Во иста насока, на меѓупростор е и мислењето дека не е законик, ами камен покриен со клинесто кој прикажува Законот како апстрактен феноменолошки концепт, каде Хамураби објаснува дека е избран од Боговите за да владее и да постави законски норматив за старото Вавилонско царство (Bahrani, 2003). Она што се чини најсигурно е дека владетелот, воинот, дипломатот Хамураби на цивилизацијата остава текст со нормативен карактер кој и во XXI век го одвлекува вниманието на научната фела и сѐуште претставува предмет на научни интересирања и истражувања.

Следејќи критериумите на пропорционалност и социјалната еднаквост (нееднаквост) во истражувањето се појавуваат: талионскиот принцип („око за око“), чија основа се наоѓа во крвната освета и општествената положба на сторителот на делото. Во својата основа, талионскиот принцип е олицетворение на стогоста на Хамурабиевиот законик и употребата на „иста мерка“ при санкционирање на кривичните дела. Критериумот за одредување на казните во овој случај е јасен: ако ... тогаш ... исто. За пример, го одвојуваме членот 196 од законикот:„ *Ако некој [слободен човек] на некого [кој е, исто така, слободен] му извади око – да се извади и неговото око*!“ (Апасиев, 2017). Кривичното дело е осепување, а одмерувањето на казната и нејзината висина е „со иста мера“ према сторителот на кривичното дело. Или уште еден пример за талионското правило: „*Ако синот го тепа својот татко, [веднаш] да му се отсечат рацете [на таквиот неблагодарник]*!“ (чл. 195, Хамурабиев законик).

Ако го следиме и второпоставениот критериум – општествената положба на сторителот на злоделото, мораме да истражуваме подлабоко. Кои биле општествените слоеви во царскиот Вавилон? Ако сфатиме дека владетелот како врв на хиерархијата на државното уредување чија власт ја добива од боговите да донесе мир, благосостојба и да „воведе право“ (Апасиев, 2017, стр. 18),[7] издавал наредби и упатства, но бил врховен судија кој имал право и да ги помилува сторителите на кривичните дела (Атанасовска Цветковиќ, 2022). Со оглед на постоењето и на

[6] Древен град – држава во Месопотамија.

[7] За ова дознаваме од воведнот дел на законикот. „*[А] кога Мардук ме прати да владеам со луѓето [и] на државата да ѝ објавам право, во устите на луѓето ставив право, правда [и правичност], па создадов благосостојба на поданиците. [И затоа] сега [вака ви обзнанувам].*“

државниот, чиновничкиот апарат, со сигурност може да се каже дека критериумот – општествена положба нашироко била применувана во еден таков примитивен правен систем.

Сликата на тогашното општество: аристократија (световна и храмовска), слободни луѓе (чиновници, војници, слободни селани, трговци, занаетчии) и робови. Критериумот е најексплицитно видлив кај авилумите и мушкените, како припадници на слојот слободни луѓе, но и кај робовите. Авилумите се оние кои уживаат привилегиран статус, повеќе и од мушкените, затоа што овој слој го чинеле владетелот и неговото семејство, угледните луѓе, трговци, војници, занаетчии. Пример: „*Ако [некој слободен човек] му извади око или му скрши коска на еден мушкену, да [му] плати една мина сребро [како оштета]*“ [8]. И уште еден: „*Ако [некој слободен човек] удри по образ еден мушкену, да плати десет шекела [сребро]*“.[9] (чл. 204, Хамурабиев законик). Јасно е дека одмерената висина на казната за делото сакатење или шамарање (одбрани за пример се телесни казни) е парична, што недвосмислено ги двои авилумите и врз основа на општествената положба, законската привилегијата постои. Ова важи и во случаи на небрежност: „*Ако градител изгради куќа за човек и не го направи неговото дело цврсто, и ако куќата што ја изградил се сруши и го убие сопственикот, тој градител ќе биде убиен. Ако го убие синот на сопственикот, синот на градителот ќе биде убиен“.* [10] Критериумот е повторно поставен. Се земаат предвид општествените статуси на жртвата и сторителот. Само кога се со еднаков статус, казната е иста како и за кривичното дело. На овој начин, се потврдува привилегираната положба со значење дека може да биде моќен човек или некој со висок статус во општеството, но понекогаш терминот значел само „човек“ (Mieroop, 2005).

Се стекнува впечатокот дека мушкените, и покрај тоа што се вбројуваат во слојот слободни граѓани, ниту се дворјани, ниту се храмовски припадници, туку дека се некоја полуформа на слободен човек: имаат свои имотни права, но не се егал со припадниците на авилумите, вклучително и во ситуациите кога се одмерува висината на казните. За подобар опис и сфаќање за оштестевената летвичка, професорот Апасиев ги изедначува со римските либертини – ослободеници (Апасиев, 2017, стр. 21). Од друга страна пак, статусот на мушкенум, буквално значи некој што се поклонува, укажува на одредена зависност од друго лице или институција (Mieroop, 2005, стр. 106). За пример како би ја истакнале и потврдиле таквата положба во општеството преку примерот на кривичното дело тепање бремена жена. „*Ако некој ја удрил ќерката на слободен човек [која била бремена], така што таа го изгуби плодот [од својата утроба] – да плати десет шекела [пари како оштета] за нејзиниот плод [кој го пометнала].*“[11] „*Ако, пак, таа жена умре – [за возврат] да се убие неговата ќерка*!“[12] Иако од овде дознаваме за одмерената висина на казната за еден авилум, Хамураби како законодавец јасно го двои мушкенот за истото кривично дело, па прогласува:„ *А ако, пак, [бремената жена] била ќерка на мушкену, [па таа] после ударот, го изгубила својот плод – [насилникот] да плати пет шекела сребро [како оштета].*“ *Ако жената [која била бремена] умре [од ударот, насилникот] да плати половина мина сребро [како крвнина].*“[13] Проследените примери за кривични дела во делот на одмерената висина на казната, јасно ги укажуваат разликите од аспект на летвичката на општественото значење и припадност на еден негов слој: животот на трудницата мушкен вредела пола мина сребро.

Одмерувањето на висината на казните за робовите, кои се наоѓале на подножјето на социјалната пирамида, била исклучително строга и во ниеден момент мерлива со казните на слободниот слој, иако положбата била сосема различна од робот во антиката. Дозволено им било да случуваат бракови и со слободни жени и со мажи кои припаѓале на слојот слободни луѓе (децата добивале статус слободни луѓе и во двата случаи), да склучуваат договори, да бидат трговци и занаетчии. И покрај релативно добрата положба, доколку авилум убие роб, а говориме за кривичното дело убиство, тогаш казната и нејзината висина е изразена во парични единици, поради високиот статус на авилумот. Но, сурова е казната, на пример, одмерена за робот, па казна

[8] Чл.198. Хамурабиев законик.
[9] Чл. 204, Хамурабиев законик.
[10] Чл. 229 – 230, Хамурабиев законик.
[11] Чл. 209, Хамурабиев законик.
[12] Чл. 210, Хамурабиев законик.
[13] Чл. 211 и 212, Хамурабиев законик.

која ја добива заради нанесена телесна повреда на слободен човек е драконска: „ *Ако роб на слободен човек удри по образ слободен човек, да му се исече [едно] уво*!“[14]

Низ овие примери, во однос на одмерувањето на висината на казната не е земена во обѕир намерата да се стори кривичното дело, дали е сторено од небрежност или не, како ни целта на казнувањето, односно каков ефект ќе се постигне со казнувањето на сторителот на кривичното дело. Може да се заклучи дека дури и „божјата правда – божјиот суд“ како доказно средство претставува рефлексија на нарушениот космички поредок,[15] па жената (или врачарката) ја докажувала својата верност со скокање во реката. Неспорно санкциите/ казните од тоа време се свирепи, независно од одмерувањето, па се изрекуваат смртни казни, казни каде се сакатат делови од телото, но и парични казни, најчесто за авилумите.

На крајот, во однос на Хамурабиевиот законик, табеларниот приказ ќе допринесе кон јасната слика за одмерувањето на висината на казните од тоа време.

Табела1: Хамурабиев законик

| Критериум | |
|---|---|
| Принцип на казнување | Талион – „око за око, заб за заб“ |
| Општествен статус | Од пресудно значење |
| Намера | Не е земена во обѕир |

## 3. ДУШАНОВИОТ ЗАКОНИК И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОДМЕРУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КАЗНИТЕ ВО ДУШАНОВОТО ЦАРСТВО

Законодавството на средниот век, компаративно со стариот, добива значајни примеси од карактеристиките на средниот век – особеното влијание на црквата и православието, но пред сé зависат од обичаите и обичајното право. Кога општествената и државничка свест досега едно критично ниво, тогаш говориме за законодавен наратив и изработување на законски нормативи.

Ако фрлиме поглед на сето она што го чинело правото во средновековна Србија ја добиваме следната слика: обичајното право, повелбите, меѓународните договори, статутите на приморските градови и византиските правни законици.

Душановиот законик, неспорно, го носи приматот на најзначајниот правен акт актуелен за средновековна Србија, но и за нашите простори кои биле дел од големото Душаново Царство. Денот на Душановото крунисување, Спасовден 1349 г., во Скопје значи и денот кога е донесен првиот дел од Душановиот законик. 1354 година, во Сер, законикот е дополнет со уште 66 членови. Судбината на овој законик е постоење на негови преписи, не сочуваност во оригинал, но овој факт не му ја намалува значајноста во ниедна смисла. Душан како законодавец само ја продолжува должноста на царевите од тоа време – законодавната должност, прогласувајќи законски текст кој е со задолжителен карактер на целата територија на тогашната држава како резултат на потребата за стабилност на едно и тогаш мултиетничко општество. Овој историски правен акт и нема некоја целосна систематика, во нормативниот текст се содржат одредби посветени на граѓанските гранки на правото, но и на кривичните, а во основата лежи комбинација од византиското право и српските обичаи. Неговото значење се прикажува во законскиот интегритет: се суди по словото на законот, а не во сенката на стравот од царската реч, па дури и на самиот цар, во случај на судење, било задолжително да му се суди по закон (Николић, Ђорђевић, 2002).[16] Кривичниот законски наратив е од значење за овој труд од аспект на одмерување на висината на казните.

[14] Чл. 205, Хамурабиев законик.
[15] Та нели Хамураби бил поставен од боговите да донесе правда и мир.
[16] Чл. 171, Душанов законик: „*Све судије да суде по законику, право, како пише у законику, а да не суде по страху од царства ми.*“ Со цел да се прикаже јазикот на законот, одредбите автентично ќе бидат пренесени.

Еволутивниот развој на казните и казнувањето во Србија од средниот век започнува со крвната освета, следувала компензацијата која можела да биде легална или доброволна. Што се однесува до одговорноста, почнува со колективна (казна за целото село, на пример), за да се развие и индивидуалната одговорност. Она што значи „напредок" од историски агол, барем во Душановиот законик, е разликувањето на виноста (кривицата) и тоа: кривица од небрежност и кривица со умисла. Овие дијаметрално спротивни аспекти имаат голем допинос во сегментот на одредување на висината на казните. Во истиот контекст, казните со кои биле казнувани сторителите на злоделата, исто како и во Хамурабиевиот законик, биле строги и сурови, телесни и смртни. Телесните казни се сведувале на: тепање со стап, сечење на јазик, отсекување на раце. Смтрните казни биле изрекувани со бесење или со разопнување на тркало. Предвидени биле и: казна лишување од слобода („тамница"), парична казна (глоба), казна прогонство (протерување од земјата), конфискација на имотот и одземање на честа и достоинството (Јовашевић, 2020). Во извесна смисла, постојат траги од талионското правило од времето на Хамураби, што значи дека тоа постои, но во ниедна смисла не смееме да сфатиме дека принципот на казнување во целост припаѓа на „око за око, заб за заб" правилото. Еве и пример на кој го темелиме ставот за присуство на талионот во Душановиот законик: „*... Ко се нађе да је убио епископа, или калуђера, или попа, тај да се убије или обеси*". [17] Убиство за убиство.

Исто како и за Хамурабиевиот закон, и во овој случај, ги поставуваме и анализираме истите критериуми за одмерувањето на висините на казните.

Врз основа на принципот на казнувањето, Душанов законик најчесто промулгира парична одштета и верска санкција (не е необична токму заради влијанието на црквата). Паричната казна била извршувана само ако била изречена од страна на судот „*што осуде судије*", а казните ги наплатувале исклучиво глобарите – „*Глобари, који стоје пред судијама, што осуде судије, и уписавши, даду глобарима, те глобе да узимају глобари а што не осуде судије, и не даду, уписавши глобарима, да нису власни глобарини шта додијавати некоме*".[18] Истата била наплатувана во перпери, тогашно платежно средство и нашироко била користена. Многу примери постојат каде е дозволено да се одмери казната и нејзината висина во перпери[19] – во случајот на кривичното дело против личноста – навреда. Навредата се јавувала во два облика: а) повреда на честа (кубење за коса или брада) и била одредена во висина од шест перпера[20] и б) вербална навреда на честа со пцости каде надокнадата била измерена во висина од 100 перпера.[21] Во случаи на дела против личноста, како што е убиството, на пример: „*Кто нест дошал нахвалицом по силе, тере је учинил убиство, да плати 300 перпера; ако ли буде пришал нахвалицом, да му се обе руце отсеку*".[22] Во овој член одмерувањето на висината на казната, дали ќе биде парична или не, во голема мера зависело од тоа дали постоела умисла или не за да се стори кривичното дело. Оттука, го утврдуваме постоењето и на вториот критериум при одмерувањето на висините на казните во Душановиот законик – намерата да се стори кривичното дело.

Укажуваме на постоење на член 76, кој ја презентира разликата: За попашу. „*Ако кто попасе жито или виноград или ливаду грехом, тузи попашу да плати што реку душевници који цене. Ако ли нахвалицом попасе, да плати попашу и шест волов*". Кај стореното кривично дело со умисла, Душановиот законик разликува: „нахвалица" и „нахвалица со умисла" што значи утврдување намера и различна висина на одмерената казна.

Пример е и членот 149. Се работи за кражбата (татба) како кривично дело против имотот: „*Овим начином да се казни лопов и разбојник доказани. И овакво је доказивање: Ако се само лице (corpus delicti) ухвати у њих, или ако их ухвате у разбојништву или крађи, или их преда жупа или села, или господари, или властела, који су над њима, како је више уписано, ти разбојници и лопови да се не помилују, него да се ослепе и обесе*". Постоела намера за кражба, постоела *corpus delicti*

[17] Чл. 95, Душанов законик.
[18] Чл. 188, Душанов законик.
[19] Пример за повеќекратна парична казна е членот 143: „ *Иако се нађе разбојник, који прође кроз област крајишника, и пљачка где год и опет се врати с пленом, паплаћа крајишник седмоструко*."
[20] Чл. 98, Душанов законик.
[21] Чл. 50, Душанов законик.
[22] Чл. 87, Душанов законик.

кражба, следствено, одмерена висина на казната е телесна (ослепување) и смртна (бесење). Кон овој пример, може да се додаде и членот 53 и одмерување на висината на кривичното дело против личноста – силување: „ *Ако који властелин узме властелинку силом, да му се обе руке отсеку и нос сареже; ако ли себар узме силом властелинку, да се обеси, ако ли своју другу узме силом, да му се обе руке отсеку и нос сареже*“ Одмерена висина на казна – телесна и смртна казна за ова кривично дело.

Кривичното дело и казната промулгирани во член 53, отвора уште еден критериум за одмерување на висината на казните во законикот: општествениот статус на сторителот на злоделото. На властелинот (привилегирано население) му се одмерува телесна казна, додека на себарот (зависно население), смртна казна, во случај да злоделото го извршува над припадничка на властелинскиот општествен слој. Во однос на Хамурабиевиот законик, статусот како критериум за казнување е помалку изразен, но постои. Припадниците на повисоките слоеви, сепак, уживале во некои привилегии. Општествените слоеви во Србија од тоа време ги чинеле: привилегиран сталеж, зависно население, градско население. Привилегираниот сталеж го чинеле властелите составена од световна и црквена властела, а истата се делела на голема, мала властела и властелчиња (ниско племство). Властелата имале некои социјални и економски привилегии, судски имунитет, вклучително и правото на сопственост и војната обврска, што всушност биле две одредници по кои внатрешно се разликувале властелите, а според мноштвото истражувачи на средновековното српско права, терминот властела е изведен од зборот власт – оние кои имаат власт над останатото население (Šarkić, 2010). За обврска имале плаќање данок (соќе – данок на земја) и феудална помош (царска помош).[23] Властелчињата, пак, хиерархиски биле под властелата, но изедначени во правата и обврските (Кркљуш, 2007). Себарите или зависното население го чинеле меропсите (се занимавале со земјоделство, имале свои парцели обработливо земјиште со која слободно располагале), Власите (номадско население кое се занимавале со сточарство), занаетчиите, сокалниците (престојувале на манастирските имоти и обавувале секаков вид работи – орање, копање), селските попови, отроци (некогашни патријахални робови). Градското население, пак, не претставува посебен сталеж кој живеело во градовите и се занимавало со трговија и рударство, а странците кои биле присутни на територијата на Душановото царство слободно се движеле, се занимавале со трговија и уживале во дозволените им привилегии (Ćirković, 1959).

Оваа општествена шареноликост укажува дека во одмерувањето на висината на казните имала свое влијание. Дури и во сталежот на властелата постоело разлика во одмерувањето на висината на казните. Пример за тоа е навреда со користење на пцости, член 50: „*Властелин, који опсује и осрамоти властеличића, да плати сто перпера, и властеличић, ако опсује властелина, да плати сто перпера и да се бије штаповима*“. Релацијата е јасна: на властелинот одмерена му е казна во висина од 100 перпера, додека на понискиот слој, покрај паричната казна, му следувала и телесна. Но, ако, навредите ги примил или упатил припадник на зависното население, тогаш, висната на казната е различно одмерена, дури можеда се окарактеризира како сурова. На пример: „*И ако властелин, или властеличић, опсује себра, да плати сто перпера; ако ли себар опсује властелина, или властеличића, да плати сто перпера и да се осмуди.*“[24] И уште еден пример, поврзан за судската функција, а од кој може да се каже дека постои одмерување на висината казната во зависност од сталешката припадност: „ *Ко се нађе да је осрамотио судију, ако буде властелин, да му се све узме, ако ли село, да се распе и оплени*“.[25] Зависното население било казнувано на еден, додека властелата на друг начин, со што се стекнува впечатокот дека сепак привилегираниот сталеж бил казнуван поблаго. Во истиот контекст, а со цел да се избегнат собири на себарите кои би можеле да предизвикаат буни, казните биле телесни и сурови –

[23] Во случај да царот го жени својот син, а имале обврска и за „*градозидание*“ и „*градобљудение*“ - градење и одржување на веќе утврдените градови, но и стражарење околу градовите.
[24] Чл. 55, Душанов законик.
[25] Чл. 111, Душанов законик.

отсекување на уши (за себарот кој присуствувал на таквиот собир) и за иницијаторот на собирот, прлење (обгорување) на брадата („осмуђивање“) со цел осрамотување и губење на честа.[26]

На крајот, да спомeнeме и уште еден аспект кој директно влијаел врз одмерувањето на висината на казните во времето Душаново – влијанието на црквата и постоењето на Црковниот суд со кој се штителе и црквата и верата. На верата и црквата посветени се првите членови од законикот, па Душан бил ригорозен према еретиците – сите оние кои припаѓале, како се наведува во законикот, „*јерес латинској*“, а ересот бил сметан за кривично дело, па казнувањето било допуштено на „законот на светите отци“, со наредба за секој еретик да се врати во христијанската вера.[27] Во спротивно, казните биле сторги за кривичните дела против верата и црквата: оној кој криел еретик „*да се ожеже*“, а еретикот „*да се ожеже по образу и да се изгна*“.[28] Црквеното влијание може да се забележи и кај одмерување на висинат на казните кај кривичните дела против моралот – блудот и прељубата. Душановиот законик се впушта во распарава и казнување само во еден случај – ако властелинка изврши блуд со својот човек (интимна врска со човек од различен сталеж, најчесто поданик). Овој пример може да се вброи и во одмерување на висините на казните на основа на сталешката припадност од едноставна причина што блудниците припаѓале на различен сталеж, па одмерената висина на казната за двајцата била истоветна – отсекување на раце и „сареже нос“. [29] За властелинката значело фрлање кал на честа на сталежот властела, а за поданикот, во тоа време, значело дрскост, што во очите на законодавецот значело знак на равенство во одмерување на висината на казните (Ћирковић, Михаљчић, 1999).

За целата слика да биде комплетна, а и да се поедностави, за да се воочат тогашните мерила, мерилата во времето на царот Душан, а и сфаќања во однос на одмерувањето на висината на казните, табеларниот приказ е повеќе од добредојден.

Табела 2: Душанов законик

| Критериум | |
|---|---|
| Принцип на казнување | Парична оштета и верски санкции |
| Општествен статус | Племството има привилегии |
| Намера | Небрежноста го намалува одмерувањето на висината на казната |

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Иако создадени во различити историски епохи, успешноста на двата законика, доколку може да се нарече успешност, лежи во одржувањето на општествениот поредок, а разликите во пристапот ја одразуваат специфичноста на нивното време од аспект на културата и религијата кои се вткаени во законскиот норматив. Неспорно, двата законика може да се сметаат за револуционерни правни акти за своето време, каде текот на казнувањето имал свој правец: од примарното телесно казнување кон имотните (парични) казни и санкции.

Хамурабиевиот законик значел формализација на правната сигурност, но и експлицитна, јасна пропорционалност во одмерувањето на висината на казните, додека Душановиот законик придонесува кон интензивирање на паричните казни кога се одмерува казната, но и кон исnтитунационализацијата на правосудниот систем и правосудните органи воведувајќи и црковни судови покрај владетеловиот суд и сластелинскиот суд.

Од анализираните законици и начините на одмерување на казните, неспорно, се крие и филозофија во самите казнени системи и тоа: правдата кај Хамураби значела израз на волјата на

[26] Чл. 69, Душанов законик: “*Збора себрова да не буде, а ако се ко нађе као саборник, да му се уши отсеку, а да се осмуде покретачи*“.

[27] Чл. 6 и 7, Душанов законик.

[28] Чл. 10, Душанов законик: „ *И ко се нађе као јеретик, живећи међу хришћанима, да се ожеже по образу и да се изагна, ако би га тајио, и тај да се ожеже.*“

[29] Чл. 54, Душанов законик.

боговите, додека кај Душан, правдата значела инструмент на ржавната контрола. Од друга стана, влијанието на општествената положба и во двата законика е видлива. Како? Во Хамурабиевиот законик, робот, на пример, имал за ½ повисока казна отколку слободниот граѓанин. Во Душановиот законик селанецот имал за 30% повисока казна од племството. Но постојат и клучни разлики:

Табела 3: Клучни разлики помеѓу Хамурабиевиот и Душановиот законик

| Критериум | Хамурабиев законик | Душанов законик |
|---|---|---|
| Главен принцип | Физичка одмазда | Парична отштета |
| Улога на религијата | Божествена правда | Христијанска етика |
| Флексибилност | Ригидни казни | Постојат исклучоци |

Од аспект на правдата, овие правни докуметни од историјата ја отсликуваат ретрибутивната правда, важечка за законикот на Хамураби и компензаторната правда, клучна во законикот на царот Душан. Но за правдата да биде целосна, одговорноста има значајна улога, како и правната сигурност. Она што можеме да му го препишеме на Хамурабиевиот законик е објективната одговорност и виокиот степен на предвидливост во однос на правната сигурност. Во истата насока, Душановиот законик ја претставува субјективната одговорност – затоа што се сместени во законски рамки небрежноста и умислата при сторувањето на кривичното дело, а правната сигурност упатува на поголема дискрециона моќ компаративно од Хамурабиевиот законик. Ова и е логична последица заради почетоците на формализацијата на процесното право во времето на царот Душан. Сето ова укажува на тоа дека Хамураби, формирајќи го системот на казнување и одмерување на висината на казните бил поефикасен, додека Душан бил пофлексибилен, што укажува и на различниот степен на развој на културата во двете општествени и правно историски системи и различното ценење на човековиот живот.

На крајот, двата правни системи го кршат модерниот стандард за еднаквост, но влијаат врз денешните системи на казнување од аспект на одмерување на висината на казните, па така, денес судијата го има дискреционот право во исто време да изрече во исто време и парична казна и казна затвор во согласност со модерните кривични законски нормативи.

Користена литература:

**Книги**

[1] Апасиев, Д. (2017). Антички правни споменици, Хрестоматија. Скопје.

[2] Атанасовска Цветковић, А. (2022). Историја државе и права. Београд. Висока школа за пословну економију и предузетништво.

[3] Vinogradoff, P. (1925). Custom and Rights. Oslo.

[4] Кркљуш, Љ. (2007). Правна историја српског народа. Београд.

[5] Leick, G. editor (2003). The Babylonians, London. New York.

[6] Mieroop, Van de M. (2005). King Hammurabi of Babylon. Malden, Oxford, Carlton.

[7] Николић, Д., & Ђорђевић, А. (2002). Законски текстови старог и средњег века. Ниш.

[8] Ćirković, S. (1959). Srednjovekovna srpska država. Zagreb.

[9] Ћирковић, С., & Михаљчић, Р. (приредиле). (1999). Лексикон српског срењег века. Београд.

**Зборници**:

[1] Јовановић, А., & Атанасовска Цветковић, А. (2022). Санкционисање кривичног дела лишење живота у Хамурабијевом законику и Кривичном законику Краљевине Југославије. *8th International Scientific Conference Ohrid School of Law*, 219 – 238. Ohrid.

[2] Jovanović, A., & Atanasovska Cvetković, A. (2022). Legal protection of prisoners of war: a historical overview *CIVITAS*, 12(2), 288 – 307.

[3] Јовашевић, Д. (2020). Систем казни у Душановом законику. *Пешчаник*, XVIII/ 20, 21 – 26.

[4] Соловјев, В., А. (2021). То Фονικον: један словенски утицају византиском праву. *Весник правне историје*, година II, 1/2021, 244 – 267.

[5] Stojanović, Z. (2024). Odmeravanje kazne i generalna prevencija. *Revija za kriminologiju i krivično pravo*, 62(2), 9-19.

[6] Šarkić, S. (2010). Pravni položaj vlastele u srednjovekovnoj Srbiji. *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Novom Sadu*, 1/2010, 7 – 27.